# Кратово се „пржи“ на 38 степени

Напишано од Оливер Арсовски
Сабота, 31 Јули 2021 11:53 - Последно освежено Сабота, 31 Јули 2021 12:01

Речиси цела изминатата недела, но и престојните денови, метеоролошката карта над Кратово покажува дека температурите на воздухот во градот ќе се искачат на енормно високи температури, околу 38 степени. Прогнозите велат дека температурите минимално ќе се намалат во втората половина од наредната недела, иако нема значително заладување на повидок. Кратовци одамна не паметат толку екстремно високи температури, поради кои во градот едвај може да се дише. Зоран Стојановски, лицето задолжено за мерење на температурата во метоlīошката станица во Кратово, не информираше дека деновиве температурите во Кратово се движеа од 36 до 38 степени, а нема да биде изненадување деновиве да достигне и 40 степени.